

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ

Бр. 8-9
Струмица, 2022

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

# 8-9

8-9/2022

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Главен и одговорен уредник**

Ана Витанова – Рингачева

**Уредници**

Сузана Мицева
Далибор Плечиќ

**Редакција**

Никола Шимиќ - Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ – Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

**Лектура**

Васка Кирова

**Дизајн на корица**

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

# СОДРЖИНА


**СЛИКА ПРВА.......................................................7**

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА. (У!)КРАИНА........................................9

ПИСАТЕЛОТ НЕ ТРЕБА ДА МУ СЛУГУВА НА ВРЕМЕТО ВО КОЕШТО ЖИВЕЕ, ТУКУ ДА ГО МОДЕЛИРА (Интервју со Игор Станојоски, современ македонски писател и универзитетски професор)........................................10

Матеј ВРЕБАЦ. (Босна и Херцеговина) „ДИССОМНИИ“ ОД ИГОР СТАНОЈОСКИ: ИГРА НА НЕСОНИЦА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА........................................14

Ана БУНТЕСКА. САКАТЕ ЛИ ВОЈНА? ........................................18

Остап СЛИВИНСКИ (Украина) ........................................22

Дарина ГЛАДУН (Украина) ........................................27

Катерина КАЛИТКО (Украина)........................................31

Марјана КИЈАНОВСКА (Украина) ........................................33

Галина КРУК (Украина) ........................................34

Љуба ЈАКИМЧУК (Украина)........................................35

Ија КИВА (Украина) ........................................36

Илја КАМИНСКИ (Украина) ........................................37

Борис ГУМЕЊУК (Украина)........................................38

Васил ГОЛОБОРОДКО (Украина)........................................39

Тања КРМЗОВА-КОСТИГЛИОЛА (Македонија)........................................41

Јосип КОЦЕВ (Македонија)........................................46

Никола ШИМИЌ-ТОНИН (Хрватска)........................................48

Пејо ШИМИЌ (Босна и Херцеговина)........................................50

Мелани ИВАНОВА (Македонија)........................................52

**СЛИКА ВТОРА.......................................................55**

**I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА.......................................................56**

ПАРИЗ, ЕРУСАЛИМ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ (Интервју со ликовниот уметник Никола Пијанманов) ........................................57

ЈАЗИКОТ НА УМЕТНОСТА НАЈЧЕСТО ГО СЛУШАМ НОЌЕ (Интервју со ликовниот уметник Панче Ѓоргиев) ........ 64

УМЕТНОСТА САМА ПО СЕБЕ Е ПРКОС (Интервју со младиот режисер Дејан Ангелов) ........ 68

**II ПРУГА........ 126**

Шунтаро ТАНИКАВА (Јапонија) ........ 77

Милан ЈАЗБЕЦ (Словенија) ........ 83

Борислав ВЛАДИКОВ (Бугарија) ........ 87

Жаклина КУТИЈА(Хрватска) ........ 93

Лејла КАЛАМУИЌ (Босна и Херцеговина) ........ 94

Жаклина КУТИЈА (Хрватска) ........ 96

Јорданка БЕЛЕВА (Бугарија) ........ 94

**III ГУНА........ 100**

Трајче КАЦАРОВ ........ 101

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА ........ 103

Елизабета ДОНЧЕВСКА-ЛУШИН ........ 106

Ацо ЃОРГИЕВ ........ 108

Снежана СТОЈЧЕВСКА ........ 110

Надица КАРАКОЛЕВА ........ 113

Марина ИКОНОМОВА-ШОКЕВА ........ 118

Томе ВЕЛКОВ ........ 119

Тони ЏОРЛЕВ ........ 122

Матеа ДИМОВА ........ 124

Ѓорги П. ПАНОВ ........ 125

Ѓорги ЗИМБАКОВ ........ 127

Томе ХРИСТОВ ........ 130

Игор ПОП ТРАЈКОВ ........ 133

**IV П(Р)ОГЛЕДИ........ 141**

Васил ТОЦИНОВСКИ. ПРИНЦОВИ НА МЕТАФОРАТА ........ 142

Атина ЦВЕТАНОСКА. НЕРУДА И НЕГОВИТЕ СОНЕТИ ОД ДРВО..........................150

Маја ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ. ЖИВОТОТ ПОМЕЃУ ЛЕСНОТО, ИГРИВОТО И ОДЖИВЕАНОТО, И РЕВНОСНОТО/ГРИЖЛИВОТ................................................166

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА. ЗА ЗЕМНОТО БУНИШТЕ МИНЛИВОСТ. (Кон стихозбирката „Опит“ на Сузана Мицева)...........................................................170

Васил ТОЦИНОВСКИ. ПРИКАЗНАТА Е БЕСКРАЈНА (Киро Донев. 2020. Видое Подгорец – незавршена приказна. Струмица: ЗГ „Средби под јаворите – Видое Подгорец“..........................................................................................................178

Васил ДРВОШАНОВ. РОДНОКРАЈНИТЕ МАРКЕРИ ВО РОМАНОТ „МАНАСТИРСКИ ЅВОНА“ ОД КИРО ДОНЕВ........................................................................................181

Сузана МИЦЕВА. КОН РОМАНОТ „ТРАМОНТАНА“ ИЛИ „ВЕТРИШТАТА НА (СЕБЕ) ПРОЧИСТУВАЊЕТО..............................................................................................195

Славчо КОВИЛОСКИ. КОН КНИГАТА АВТОРИ И ДЕЛА, VII ОД ВАСИЛ ДРВОШАНОВ..................................................................................................................198

Марија ИВАНОВА.Дијалектни карактеристики на кусите народни жанрови од Пијанечко.......................................................................................................................202

Адијата ИБИРШИМОВИЌ-ШАБИЌ. ПОД ЗНАМЕТО НА ЉУБОВТА И ДОБРИНАТА (ЗА СУЕТАТА, СОНИШТАТА И ЗА УШТЕ НЕШТО) ..................................................212

Горјан ПЕТРЕСКИ. „ЅВЕЗДЕНА ЛЕКТИРА“ ИЛИ ПРЕПЕВ НА СЕБЕСИ (Кон книгата „Ѕвездена лектира“ од Власта Н. Цениќ, препев: Филип Димкоски, 2022).........217

Јованка ДЕНКОВА. ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ..................................................................................................................220

Наталија ЛАПАЕВА-РИСТЕСКА. «На мысли, дышащие силой, как жемчуг нижутся слова...»: МОЌТА И УБАВИНАТА НА СЛОВЕНСКИОТ ЗБОР .................................228

Филип ДИМКОСКИ. ПОУБАВО СЕ ЦВЕТА, БЕЗ ГОРДЕЛИВОСТ И БЕЗ СУЕТА (Кон сликовницата „Ноли и детелинката“ од Вера Андон, илустрации: Кристијан Јованоски, Топер, 2020)...................................................................................231

**V АРТитектура..........................................................................................234**

Васил ДРВОШАНОВ. ПОТРАГА ПО СОВРШЕНИОТ ЛИКОВЕН КЛУЧ (Никола Пијанманов и др. Сликарството на Ниче Василев: 50 години творештво. Струмица: Култ-транзен, 2022)...........................................................................................236

Коста МИЛКОВ. БЕСКОНЕЧНО СИНИЛО..............................................................245

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ПАНЧЕ ЃОРГИЕВ ................250

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

# ЗА ЗЕМНОТО БУНИШТЕ МИНЛИВОСТ[32]

## *(Кон стихозбирката „Опит“ на Сузана Мицева)*

*Секоја ноќ кроце*
*се качувам на таванот*
*ја светнувам ламбата на детството*
*и во него ги барам*
*напуштените насмевки*
*на возрасните луѓе.*
***Потрага***

Книжевните опсервации на поетските дела секогаш бараат внимателен и опитен читател и критичар, ослободен од субјективното чувство на приврзаност кон авторот. Емил Штајгер беше исправен пред дилемата:„Како да ги објаснам овие стихови? Од каде да појдам? Јас нив ги сакам, тие нешто ми зборуваат и, бидејќи имам доверба во нив, се осмелувам да ги толкувам“. Довербата во стихот и воопшто, довербата во поезијата, значи да му се доближиш сосем близу на светот, што тивко се создава пред твоите очи, мигум се менува во форми што постојано треперат, како движењата на облаците во ведра квечерина. Да се има доверба, значи да му се верува на поетот, кој преку својот лирски субјект го набљудува и чувствува светот, во и надвор од себе. Тој свет има свои замислени имагинарни граници, а својот зародиш го има во мислата и срцето на поетот. Токму таму, како во матка, зборот започнува да пулсира. Зборот е онаа праматерија што извира од подземните извори на свеста, за да започне нов живот надвор од неа. Поезијата е извишување, кревање кон висините во потрага по нов зрак, нова светла патека, „зашто во творештвото растеме нагоре, кон сонцето, а не удолу кон земјата.“[33]Тој творечки и човечки

32 Стих од песната Душата ползи како црв
33 Старделов, Ѓ. 2004. Оган кој не згаснува. Во: *Angelus Novus* или подготовка за лет. Скопје: Култура, стр.251

опит е само природен нагон духот да преживее, сличен на нагонот да се дојде до што повеќе воздух, храна за човекот без која животот е невозможен.

„Опит“ е насловена и најновата (трета) стихозбирка за возрасни на поетесата Сузана Мицева, наслов само навидум предвидлив, а во суштина загадочен и замаглен. Како читатели, од стиховите на Сузана Мицева ние вдишуваме поезија, како што вели Слотердајк„секое писмо е вдишување, земање здив“[34], процес без кој животот би згаснал. Еден здив е всушност времето што го дели човекот од смртта, еден здив, еден миг во кој се насобрале сета земна скрб, тага, надеж, копнеж и утеха. Толку е миговен преминот на телото во безживотна твар, на душата во бестелесно слободна енергија, на окото, кое од следниот миг се сели во некаков привиден мрак. Кога говориме за личниот опит на Сузана Мицева, ние всушност говориме за нејзината „лична поетика“ (Конески). Во своите разговори со Цане Андреевски, Конески говорејќи за тоа дека уметничката порака е всушност значењето на песната, вели: „...пораката пренесува нешто над кое луѓето се замислуваат и кое можеби не им е така јасно. Го насетуваат, го доживуваат на некој начин, а можеби не можат со прости реченици да го искажат“. Токму неискажливото, она за што секогаш ни недостасуваат зборови за да го пренесеме до себе и до другите, всушност песната го кажува наместо нас. Затоа и имаме чувство дека поетесата ни е блиска, ја познаваме, делиме исти вредности, исти убавини, но и стравови, надежи, болки.

Тематско - мотивскиот свет во стихозбирката „Опит“ не се разликува многу од оној во нејзините претходни две книги. Темите што ја окупираат поетесата се со онтолошки предзнак: постоењето, смислата на животот и неговите (бес)смислени играрии, смртта како преобразба на духот и секако, љубовта како родилка на светот. Неверојатно е како објективизиранаата перцепција на лирскиот субјект се трансформира со субјективна слика за секој читател поединечно. Оти песните на Мицева секој читател по своему ги доживува и преживува. Амплитудата на доживувањето е доста нестабилна, се движи остро од само навидум спокојна и тивка нагласка, до неочекувана, на моменти и морничава изненада. Сите противречности од кои се состои еден минлив човечки живот, поетесата ги собира на купче во стихот, како во кошница од плодови, скапани и свежи, нагризани од црви, но и такви одвнатре што ги гризат. Смртта и животот, болката и животот, љубовта и животот, човекот и животот и на крајот, пак од ништото да се роди новиот живот:

34 Слотердајк, П. 2006. Доаѓање на свет – доаѓање до збор. Скопје: Темплум, стр. 161

*Брод*

Човекот толкупати се
чувствува мртво додека е жив
што кога смртта ќе доплови
тоа е само едно исполнување,
конечно пристигнување.
Како повторна средба по долго
невидување.
Го предава товарот,
животното бреме
и пак е слободен да биде ништо.

Во песните на Мицева се овоплотува едно веќе одживеано време кое, чиниш одново се појавува како рецидив. Антиципацијата во стихот се појавува како слика за еден веќе одживеан живот. Младата поетеса го воведува својот лирски субјект како око кое, од некоја космичка височина го набљудува светот. И дали како толкувачи имаме право да говориме за лирскиот субјект како сенка на писателот, негова лична и единствена потпора, секогаш и секаде?! Но, таа сенка го продолжува својот живот во книжевното дело и тогаш кога писателот физички го напушта земниот свет. Границата меѓу авторот и лирскиот субјект е само тенка, скоро невидлива нишка со која е опшиена песната. Таквиот лирски субјект видел сѐ, одживеал сѐ, сега само го споделува она што во него се насобрало како лична и колективна болка. Нему му се познати уништените детски соништа, разурнувањата на светот, распаѓањето и гниењето на човечкото во човекот, но и безграничната љубов, новите раѓања и новите цветови помеѓу урнатините на пеплосаните градови. Поетесата е веќе зрел автор кој знае да го контролира поривот, личното да го изедначи со фиктивното, со она што (не)постои од другата страна на времето. Жан Пол Сартр во есејот *Што е литературата* вели: „Бидејќи креацијата може да биде довршена само со читањето, секој книжевен труд е еден апел. Писателот апелира на слободата на читателот да соработува вон создавањето на неговото дело“.[35]Поезијата сама по себе е обновлива категорија, некогаш создадена, денес пресоздадена, во иднина создателство на веќе пресоздаденото. Магичен круг на цикличноста. Само вечните создателства и состојби се циклични и обновливи: природата, водата и зборот. Поетесата во обид, од честичките поезија да изгради нов свет, самата е во јадрото на тој нејзин мал универзум. Нејзината поезија како да истекува од едно во друго време, од една во друга галаксија. Низ овие стихови се исчитува една длабока сентименталност, свесно соочување со разбеснетите демони во и надвор од човекот, храбар одвет на безвремето, но и смела размисла за крајот како неминивност.

Поезијата на Мицева е поезија на противречности коишто напати се

35 Sartr.Ž. P. *Šta je književnost, Izabrana dela, Tom 6, Beograd:Nolit, 40-41*

спојуваат и помируваат, се вкрстуваат и се слеваат едни во други. Песните во „Опит“ се распослани по приземните друмови, таму сред думани и прашини, стојат како крајпатни знаци за изгубените и напатените. Сѐ што со збор не се кажало, вчера или сега, дома, на работа, со пријатели и помалку пријатели, песната го чува, го зема со себе попатно раздавајќи го како жртвена погача за празник. Оваа поезија само навидум е меланхолична со мелодраматичен призвук, таква е само со првото, наивно и попатно читање. Нејзината песна е песната НА и ЗА човекот, за малиот трошен и несреќен човек, кој дури на крајот, кога смртта ја обессилува дури и неговата сенка, ја сфаќа суштината на животот што мигум поминал и чека да згасне: *Брзата смрт како покосен ветер / го прочистува светот од нас* ***(Итрица).*** Ефемерните нешта станувааат насушно важни, обичноста добива кадифена боја и станува привлечна, неодоливо убава.

Рано е да се умре утрово,
додека питата сѐ уште се пече.
Соседот бичи дрва,
крововите се симнати,
семејната утроба фаќа влага.

*(Смртта мириса на есен)*

Мицева е неуморен трагач по вистинската сушност на нештата, по нивниот извор и корен, по местото на зачетокот, во обид да ја разбере нивната сегашна појавност, духовна или материјална. Затоа во нејзината поезија недостижното се чувствува опипливо и блиско, невидливото добива боја и форма, а минливото е пуштено во слободен пад да суштествува по природните закони, пред кои човекот е толку мал и безначаен. *На земното буниште минливост*, таму завршуваат нашите животи, богати и сиромашни, исполнети и празни, одживеани и преживеани. Во песната ***Тефтер*** поетесата го пушта својот лирски субјект да ја прекрои душата надолж и попреку, да ги разбуричка визбите од спомени и стравови затурени под правливите садови во некој агол од пајажини, да не се гледаат, да не раѓаат немир: *земјата ги чува коскиte и спомениte / со иста грижа како ти семејните дребулии. / Подолго и потрајно одошто успеваш/ да ги додржиш ѕидовите на домот исправени.* Јаркиот збор во песната на Мицева е збор-трепет изнедрен од помислата за човековите неспокојства и устреми да се совлада минливоста и да се пресоздаде стварноста. Што е поетот, ако не пресоздавач на веќе создаденото и маѓепсник кој умее во лет да ги дофати залутаните мисли, да ги приземји, да им даде форма и смисла, да ги пресоздаде во стих. Така се раѓаат песните, вибрациите на поетовата душа мигум се претвораат во стихови, еднаш веќе одживеани.

Кога сум спружена врз жегата
и наслушувам мравји заседанија под тилот -
не сум осамена.

По корените на дрвјата ги откривам
тајните кодови на земјата

*(Не мора сѐ да знам)*

Поетските и поетолошки постапки на Мицева се промислени и рационално повлечени, никако заради комерцијална видливост, напротив, заради оставање свој личен поетски печат. Нејзината песна е песна на восторг од создателствата што нашиот ограничен поглед не може да ги види, но душата може да ги улови во лет. Нејзините поетски подвизи се храбри, на моменти дури и груби, но тоа е така само додека песната полетува, за потоа да се исправи и спокојно да плови по широчината на мисловниот свет на читателот. Нејзината песна е палежно жарче, усвитена светлина на духот, пече при допир, но и отрезнува во миговите на нашите развратни пирови. Поетско-естетската фасцинација од смртта е иницијалниот извор на творечката патека на поетесата. Таа го естетизира тој чин, но не е опседната со него. И каква е таа битка на малиот и беспомошен човек со грамадната до бескрај голема болка што ја носи крајот?! Болка без која нема спокој. Човекот пред сѐ и секој може потајно да глуми надменост, некршливост и надмоќ, единственото негово повлекување е пред смртта, единствената сила што му ја убива сенката.

Кога се вративме
седеше на скалите
лута како јасник
и тате сам ја извади секирата
и удри по најмалата топола.
Знаеше колкава е мерата...

*(Неканета)*

Во нејзините стихови детето созрева многу побрзо отколку црешите во пролет и капнува, скапува под силниот налет на фуријата на животот: *Цело лето глумевме доктори, / пукнатините на црешовото дрво / ги зацелувавме со неговата смола, / раните на природата.(**Себелажење**).* Поетската слика има широк распон, создава силно експресивна дразба што станува доминантна на песната. Со една силна, дури болна драматичност, лирскиот субјект се помирува со себеиспразнувањето од чувства, со масакрирањето на нервните завршетоци на умот, без кои сме само студен и тежок труп. Реска мисла се изнедрува од стихот, на моменти сече, на моменти станува бодликава и скокотлива. Навидум ефемерното, Мицева го издигнува до степен на универзална човечка судбина, една, заедничка за сите:

Околу мене се намножија празни тела:
ништо не ги боли и ништо не чувствуваат.
Не успеав да им ги излекувам

разболените соништа,
ниту им го сочував детството живо.

*(Себелажење)*

Песната на Мицева е збита, напластена со многуте слоеви од загадочните дилеми и размисли за смислата на човековиот краток и минлив живот. Со силно набиена метафизичка густина, стихот тешко се распластува, за да се стигне до неговата почетна точка, до почетниот слог на зборот, од кој се родила песната. Лирскиот субјект пее со мисла на зрел човек, човек кому животот му ги исцртал најдлабоките бразди по лицето и најдлабоките лузни под срцето. Стиховите од песната ***Мирис на писмо*** се огледала на кои им приоѓаме со страв, оти на нив се исцртува нашиот вистински лик:

*Мирис на писмо*

Кога ќе заминат твојот духовник,
мајка ти и сродната душа,
и ќе нема кому да се истажиш,
ќе почнеш одвнатре
да го шараш своето тело.
Кожата еден ден ќе ти чади
со мирисот на писмо
и сите ќе мислат дека
е нормално -
тоа е само отстоена пот.

Лиричноста е непостојана категорија, кога се обидуваме да ја пронајдеме како особина на песните од стихозбирката „Опит“. Песните на Сузана Мицева се своевидни ритуали, мистични, со доза на енигматичност. Перформативноста е присутна, особено во песните во кои колективната меморија е повикана да каже како некогаш било, како се преживеало до денес. *Мора да се даде крв, / умрените кај мртвите да се вселат.* Поетесата си поигрува со лексичките нијанси, ги комбинира, обојува, им дава тон, ги сенчи за да ги прилагоди на својот стих. Песната тлее како жар во нераспретана пепел, шири мирис на древно суеверие:

Духот ѝ пукнал како скинат балон,
сакајќи да влезе во плевната
да ги доварди
закланите жртвени јагниња
од полските волци.

*(Душата има форма на балон)*

Првиот наивен и немерен читателски вглед не досегнува до сржта на мислата од која тргнува лирскиот субјект, од причина што стихот е густ и толку збит, дури леплив и врел. „Топлото семе на јазикот“ (Старделов) во стиховите на Мицева из`ртува бавно, постојано барајќи влага, постојано пробивајќи се низ црната и леплива земја. Воодушевуваат навидум неспоивите релации на асоцијативност што поетесата ги поставува како арматура на стихот.

Моите песни се такви копилиња.
Раноиспилени пилиња
немаат потекло, ни име ни извод.
Се раѓаат недоносени,
покосени во сон. Под напон.
Песните се јалови кучки
што лаат по сокаците
ги тешат просјаците
ги исмеваат простаците
и туку ќе довлечкаат некој нов стих.

*(Ова е време во кое за секоја песна се бара извод)*

Острото око на поетесата ги набљудува сите природни и човечки феномени, врзани во јазли мислите една по една се отвораат, создавајќи нови плетива од зборови. Поетските опсервации на Сузана Мицева се граничат со едно суптилно сознајно-филозофско спознавање. Нејзиниот лирски субјект е зрел и опитен набљудувач, подготвен на биде жигосан како пример за родот негов кој нè научи дека е мала и невидлива прашинка во огромниот недогледен универзум: *Тоа е во мигот кога се сознава / дека ништо не ни припаѓа: / ниту годините, ниту времето / ниту животот* ***(Отпишан)****.*

Стихот на поетесата Сузана Мицева е патник кој нема свое постојано место за починка, тој патува и освојува метафизички простори на духот, со порив да открие нови и непознати предели на мислата. Откривајќи ги, ги допира, ги чувствува, ги зема со себе и преку песната ги прави видливи за човекот и светот. Тоа е нејзиниот опит, нејзината потајна нарав, да гради домови надвор од својот, да ги облагородува, да колчи нови градини, да оградува парче небо и тука да битисува. И така сè до некое следно патување на песната. Неодамна, читајќи го Анте Поповски и неговиот текст „Кон Љубопис“, наидов на една негова мисла којашто значеше патоказ за размисла: „Кога ќе исчезнат конкретните облици, кога ќе се случи да блесне песната во нов замаглен предел, дамнешното кога ќе се престори во некој притаен порив по нешто што не се преповторува, видливото кога ќе се преобрази во одблесок на невидливото, ете, и во тоа е смислата на поезија-

та“.[36]Многу *одблесоци на невидливото* искрат од стиховите во стихозбирката „Опит“. Оваа книга претставува личен опит и обид на поетесата Сузана Мицева да се нурне длабоко во темните понори на духот, таму со фенер да го најде изворот на убавината и качувајќи се нагоре кон светот, попатно да го раздаде, капка по капка, секому по мерата.

36 Поповски, А. Кон „Љубопис“. Во: Меѓу животот и знаците. Скопје: Наша Книга, стр.215

# ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

**Издавач:**

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

**Адреса**

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

**Е-адреса**

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

**Трансакциска сметка**

Халкбанка: 270-0729532401-07

**Компјутерска и графичка подготовка**

Боро Рунчев

**Печати**

Европа 92, Кочани

**Тиража**

500

# Дарина ГЛАДУН

(Украина)

***
на Ирина Шувалова и Јуриј Андрухович

остаревме не за година туку за цела една војна

нема таква бројка која би опишала колку преживеавме

||||||||||||||||сега сме веќе постари од нашите тела

||||||||||||||||||||||||||||||||

|||||||||бабите и дедовците за цела една војна постари од нас

постојано повторуваа

колку сме среќни дека сме родени во време на мир

не им верувавме на нивните зборови и години

не ѝ верувавме на нивната старост и седа коса

не верувавме во војна



ISSN 2671-3217